ЕУ твининг-проект „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“



ОКТОМВРИ 2022

# ВОДИЧ ЗА КОРИСТЕЊЕ КОЛАЧИЊА

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. ШТО СЕ КОЛАЧИЊА И КАКВИ ВИДОВИ НА КОЛАЧИЊА ПОСТОЈАТ? | 3 |
| 2. ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КОЛАЧИЊА | 7 |
| 3. КОЛАЧИЊА КОИ НЕ НАЛАГААТ ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ | 9 |
| 4. СОГЛАСНОСТ ЗА СОБИРАЊЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КОЛАЧИЊА | 13 |
| 5. ИЗЈАВА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КОЛАЧИЊА | 23 |


Овој проект е финансиран од Европската Унија

# 1.ШТО СЕ КОЛАЧИЊА И КАКВИ ВИДОВИ НА КОЛАЧИЊА ПОСТОЈАТ?

Колачиња (cookies) се мали датотеки коишто интернет-пребарувачот ги чува на компјутерот, мобилниот уред или на друг уред што корисникот го употребува за посета на веб-страници. Тие се чуваат по „наредба“ на самата веб-страница, за нејзините идни потреби. Таквите потреби се различни и зависат од целта на колачињата, на пример, колачињата може да собираат информации за: избор на повеќејазичен приказ на страниците и редоследот на прегледаните страниците за корисникот да може да се врати на истите страници по истиот редослед; список на предмети што корисникот ги внел во кошницата на некоја онлајн продавница; податоци поврзани со поставките за согласност за користење колачиња; како и информации за ИП адреса, податоци за автентикацијата, е-мејл адреси, геолокација на корисникот, дали посетителот користи компјутер или мобилен уред, кои страници на веб-страницата биле посетени, итн.

Колачињата се поделени во неколку групи, според нивното **времетраење**, **извор** и **функцијата**.

Од аспект на времетраењето, колачињата може да бидат:

### Постојани колачиња

Тоа се колачиња кои остануваат на компјутерот или уредот што се користи за посетување веб-страници по затворање на пребарувачот. Тие им помагаат на веб-страниците да чуваат информации за, на пример, јазични поставки или поставки за согласност за користење колачиња за корисникот да не мора повторно да ги внесува во пребарувачот секој пат кога сака да ги посети истите веб-страници. Постојаните колачиња може да останат на компјутерот или уредот што се користи за посетување веб-страници со денови, месеци, па дури и со години.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## Привремени колачиња или колачиња за сесија

Тоа се колачиња кои ќе бидат отстранети од компјутерот или уредот што се користи за посетување веб-страници по затворање на пребарувачот. Веб-страниците ги користат овие колачиња за чување привремени податоци, на пример, последните неколку страници на веб-страницата кои корисникот ги посетил или предметите кои корисникот ги ставил во кошницата при посета на веб-страницата која функционира како онлајн продавница.

Според изворот, колачињата може да се бидат:

## Колачиња поставени од прва страна

Тоа се колачиња што ги чува веб-страницата која била прво посетена од корисникот, на пример, колачиња што една онлајн продавница ги користи за чување на предметите кои клиентите ги ставиле во кошницата или колачиња за сесија.

## Колачиња поставени од трета страна

Тоа се колачиња што ги чуваат други веб-страници или онлајн сервиси кои се дел од веб-страницата што корисникот прво ја посетил. Обично, другите веб-страници ги користат овие колачиња за да ги следат навиките на корисникот на првата веб-страница или ги користат онлајн сервиси за обезбедување квалитет на нивните услуги (на пр., за интеракција со корисникот веб-страниците ја користат функцијата „онлајн разговор“, која пак го чува идентификацискиот број на корисникот за да знае кому да му испрати конкретна порака).

Според функцијата, постојат неколку видови на колачиња, а највообичаени се:

## Технички/неопходни колачиња

Тоа се колачиња што се потребни за функционирање на веб-страницата и нејзините основни цели, на пример, идентификатор за сесијата на моменталната посета на корисникот или содржината на кошницата која корисникот ја „пополнил“ при купување производи од онлајн продавницата.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## Функционални колачиња

Тоа се колачиња што и овозможуваат на веб-страницата да обезбеди подобра функционалност и персонализација, на пример, преку запомнување на јазикот за приказ на содржините на страниците од веб-страницата или податоци за согласноста на корисникот за обработка на неговите/нејзините лични податоци преку колачиња.

## Статистички колачиња

Тоа се колачиња што собираат информации за начинот на кој корисниците ги посетуваат веб-страниците и страниците на тие веб-страници.

## Маркетиншки колачиња

Тоа се колачиња што собираат информации за навиките и однесувањето на корисникот на веб-страницата за да можат да прикажуваат индивидуализирани реклами.

За полесно следење на содржината на овој водич, прво треба да се појасни концептот „терминална опрема“ што се користи во Законот за електронски комуникации во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 153/19), односно член 168, став (6) кој го уредува собирањето и обработката на лични податоци кои се чуваат на опремата на лицата за поврзување на интернет и за пребарување и прегледување веб-страници.

Терминална опрема е секој електронски уред, како што е компјутер, лаптоп, таблет или каков било друг уред што може да се поврзе на интернет, да пребарува веб-страници и има способност да чува колачиња или користи друг метод или технологија за чување на податоците на корисникот.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Важно е да се напомене дека терминалната опрема, освен колачиња, може да собира и други лични податоци за корисникот, при што еден од највообичаените начини за тоа се локалните објекти за чување / флеш-колачиња (**flash cookies**), гоуст- колачиња (**ghost cookies**), пиксел-тракери (**pixel trackers**), алатки за развивање софтвер (**SDK**), технологии за отпечатоци од прсти, итн.

Оттука, кога контролорите користат веб-страница како дел од нивната деловна активност за обезбедување или рекламирање на услугите, тие треба да се консултираат со развивачите/дизајнерите на веб-страници за да проверат дали нивната веб-страница користи колачиња или други технологии за собирање податоци за корисниците на нивната терминална опрема. Ако користи такви технологии, веб-страницата мора да биде усогласен со законските одредби кои се однесуваат на собирање и обработка на лични податоци преку колачиња. Иако овој водич се однесува на користење колачиња, препораките дадени подолу се валидни и за другите начини за собирање и обработка на лични податоци на терминалната опрема на корисниците.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# 2. ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА

## СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КОЛАЧИЊА

Во Република Северна Македонија, користењето колачиња (или некој друг начин за чување информации на терминалната опрема на корисниците) е уредено во Законот за електронски комуникации, каде член 168, став (6) пропишува дека: „Чувањето информации или добивањето пристап до информации кои веќе се чуваат на терминалната опрема на претплатникот или корисникот е дозволено само доколку засегнатиот претплатник или корисник дал согласност, откако му биле дадени јасни и сеопфатни информации во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Ваквото дејство не треба да го попречи техничкото чување или пристап до информации за целите на овозможување пренос на комуникации преку јавна електронска комуникациска мрежа или кога тоа е неопходно за целите на обезбедување информатички услуги кои биле изречно побарани од страна на претплатникот или корисникот на услугата.“

Со други зборови, инсталација на колачиња или читање на информациите кои веќе се чуваат за лицето на терминалната опрема може да се направи само доколку лицето дало согласност, откако му биле дадени јасни информации за тоа кои податоци ќе се собираат и за која цел, во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Од ова правило за барање и давање согласност се исклучени само колачињата кои се технички неопходни за овозможување на комуникацијата меѓу терминалната опрема на корисниот и веб-страницата што тој/таа го посетува или за обезбедување услуга што веб-страницата ја дава на барање од корисникот.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Законот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: ЗЗЛП) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 294/21) го уредува следново:

- што претставува личен податок;
- кој може законски да обработува лични податоци (собирање и користење на лични податоци);
- како личните податоци се обработуваат на законски начин;
- кои права ги имаат физичките лица чиишто лични податоци се обработуваат (корисници);
- кои се обврските на оние кои обработуваат лични податоци за потребите на нивната деловна активност (контролори);
- кои се обврските на оние кои обработуваат лични податоци за потребите на друго правно лице (обработувачи);
- кој е одговорен за вршење надзор врз спроведувањето на ЗЗЛП.

ЗЗЛП дефинира дека личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), при што физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди, директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатори како што се име и презиме, матичен број, податоци за локација, интернет идентификатор, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за физичкиот, генетскиот, менталниот, економскиот, културниот или социјалниот идентитет на тоа физичко лице.

Освен тоа, ЗЗЛП дефинира и посебни категории на лични податоци, односно податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или философски убедувања, или членство во синдикати, како и генетски податоци, биометриски податоци за единствена идентификација на некое физичко лице, податоци за здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на лицето. Ваквите податоци не смее да се обработуваат освен доколку не се исполнети условите пропишани во член 13, став (2) од ЗЗЛП.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# 3.КОЛАЧИЊА КОИ НЕ НАЛАГААТ ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ

Законот за електронски комуникации пропишува дека колачињата кои се технички неопходни за овозможување на комуникација меѓу терминалната опрема на корисникот и веб-страницата што се посетува или обезбедување на услуга што веб-страницата ја дава на барање од корисникот не налагаат барање и добивање согласност.

Оттука, може да се заклучи дека постојат два вида на исклучоци кои се познати како: а) исклучок за комуникација; и б) исклучок за неопходност.

а) **Исклучокот за комуникација** се применува на колачиња чијашто цел е да овозможат пренос на комуникација преку некоја мрежа, т.е. да ги идентификуваат крајните точки на комуникацијата, или колачиња што се користат за овозможување размена на предмети кои се дел од планирана нарачка, на пример, нумерирање на пакети, или колачиња што се користат за детекција на грешки или загуба на податоци при пренос. Од друга страна, колачињата што се користат за да го помогнат, забрзаат или регулираат преносот на комуникација преку некоја мрежа не влегуваат во овој исклучок за барање и добивање согласност.

б) **Исклучокот за неопходност** се применува на „услугите на информатичкото општество“ – услуга што се овозможува преку интернет, како што се веб-страници или апликации, но овие колачиња подлежат на спроведување два теста, т.е. услугата мора да биде експлицитно побарана од корисникот и користењето на колачиња мора да ограничи само на она што строго неопходно за обезбедување на конкретната услуга.

Во принцип, колачињата коишто не налагаат барање и добивање согласност спаѓаат во една од следниве групи на колачиња:

Овој проект е финансиран од Европската Унија

1. **Колачиња за „инпут од корисникот“**- обично тоа се колачиња поставени од првата страна кои се користат, на пример, за следење на инпути од корисникот кога пополнува онлајн обрасци или за следење на производите/предметите што корисникот ги избрал преку кликање на функцијата „додај во кошница“ како дел од онлајн купување.
2. **Колачиња за персонализиран интерфејс** – обично тоа се трајни колачиња поставени од првата страна кои се користат, на пример, за избирање на јазикот за приказ на страниците од веб-страницата или за изборот на корисникот во врска со опциите за пристапување до веб-страницата.
3. **Колачиња за автентикација** – обично тоа се колачиња за сесии кои се користат за идентификување на корисникот откако тој/таа се најавил, на пример, за пристап до апликација за интернет банкарство. Овие колачиња се потребни за да овозможат пристап до овластени содржини на корисникот, на пример, преглед на неговата тековна сметка, трансакциите, итн., без да има потреба за овластување (најава) за користење на секоја од опциите.
4. **Безбедносни колачиња за корисникот** – обично тоа се трајни колачиња со ограничен рок на чување по завршување на сесијата и тие се користат, на пример, за детекција на повторени неуспешни обиди за најава на веб-страница или друг сличен механизам за заштита на системот за најава од можни злоупотреби.
5. **Колачиња за сесија на вчитувачи на содржини** – обично тоа се колачиња што се користат за чување на технички податоци кои се потребни за вчитување видео или аудио содржини на веб-страницата, на пример, квалитет на сликата, брзина на мрежната конекција и бафер-параметри.
6. **Колачиња за сесија за балансирање на оптоварувањето** – тоа се колачиња за сесија кои, во зависност од оптоварувањето на индивидуалниот интернет сервер на кој се чуваат содржините коишто корисникот сака да ги посети, овозможуваат пренасочување на помалку оптоварен сервер.
7. **Колачиња за споделување содржини на социјални медиуми** – тоа се колачиња за сесија коишто на корисниците кои се приклучени на некоја социјална мрежа во моментот кога посетуваат некоја веб-страница што има икона за социјални медиуми им овозможуваат да споделуваат содржини од веб-страницата на нивниот кориснички профил на некоја од социјалните мрежи.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Важно е да се напомене дека иако колачињата може да имаат повеќе функции (на пример, колачињата за инпути од корисникот што се користат за следење на производи/предмети кои корисникот ги избрал со кликање на функцијата „додај во кошница“ за време на онлајн пазарење, исто така може да се користат и за следење на навиките на корисникот за целите на прикажување персонализирани реклами) со цел други колачиња кои не налагаат барање и давање согласност од корисникот да имаат само една функција од конкретна група на колачиња. Во спротивно, тие ја губат оваа „привилегија“ и стануваат колачиња за кои треба да се побара и добие согласност. Од аспект на заштитата на личните податоци, се препорачува контролорите да не користат колачиња со повеќе функции, туку да користат едно колче за целите кои не налагаат согласност и друго колаче за целите на собирање и обработување лични податоци кои подлежат на барање и давање согласност, иако и двата вида на цели може да бидат опфатени со користење на само едно колаче.

Иако, според одредбите од Законот за електронски комуникации, овие групи на колачиња не налагаат барање и добивање согласност, во случај кога некое колаче од оваа група обработува лични податоци на корисникот мора да му се дадат информации за обработката на лични податоци во согласност со начелото за законитост, правичност и транспарентност од ЗЗЛП.

Примери за колачиња кои не налагаат барање и добивање согласност:

Веб-страница обезбедува услуги на онлајн продавница и за да биде во можност да ги следи предметите што корисникот ги ставил во виртуелната кошница и за таа цел користи колачиња за сесија за да може да ги запомни избраните предмети на корисникот во кошницата кои потоа се бришат откако корисникот ќе се одјави или ќе ја заврши набавката. Овие колачиња спаѓаат во категоријата на колачиња за „инпути од корисникот“, се собираат исклучиво за наменетата цел и не налагаат барање и добивање согласност.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Од друга страна, кога истите колачиња, дополнително на првичната цел, се користат и за следење на навиките на корисникот за целите на прикажување персонализирани реклами, тогаш тие не ги исполнуваат условите за колачиња што не налагаат согласност и корисникот треба да даде согласност за тие да може да се користат.

Веб-страниците имаат можност за прикажување на нивните содржини на повеќе меѓународни јазици, како и можност за менување на приказот на содржините на секоја страница од веб-страницата. За да го запомнат јазикот што корисникот го избрал за прикажување на содржините и дизајнот на страниците, онлајн продавниците ги чуваат овие информации во колачиња. И оваа група на колачиња не налага барање и добивање согласност од корисникот.

Кога некоја веб-страница обезбедува услуги за електронска пошта, со оглед на тоа дека овластените корисници на оваа услуга не мораат да се најавуваат секогаш кога користат некоја од можните опции што ги овозможува електронската пошта во нивното сандаче (проверка на пристигната пошта, бришење е-мејлови, креирање адресар, испраќање пошта...), по првата успешна најава на корисникот веб-страницата ги чува податоците за успешното најавување на корисникот во колачиња кои се користат за таа цел. И оваа група на колачиња не налагаат барање и добивање согласност.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# 4.СОГЛАСНОСТ ЗА СОБИРАЊЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КОЛАЧИЊА

Колачињата кои не ги исполнуваат критериумите дадени во претходното заглавје налагаат барање и добивање согласност за собирање и обработка на лични податоци преку колачиња.

Важно е да се напомене дека по вчитувањето на првата страница од некоја веб-страница, за корисникот да продолжи со преглед на другите страници од веб-страницата на неговата терминална опрема не смее да се поставуваат какви било колачиња кои налагаат согласност сè додека корисникот не даде согласност за чување на таквите колачиња. Ако корисникот не дал изречна согласност, на терминалната опрема се чуваат само колачињата за кои нема потреба од согласност.

На самите веб-страници, барањето за давање согласност за собирање податоци преку колачиња обично се појавува во скокачко прозорче или посебен банер на маргините од приказот на содржините на веб-страницата, и најчесто е лоцирано на дното од приказот на екранот.

Кога се бара согласност за собирање лични податоци преку колачиња, важно е да се запомни дека, според ЗЗЛП, согласноста не смее да биде условена. На корисникот мора да му се објасни обемот на лични податоци што ќе бидат собрани и за која цел, и тоа на јасен и едноставен јазик, за тој/таа да може самостојно да одлучи дали ќе даде согласност за обработката на конкретниот обем на податоци. Еднакво важно е да се запомни дека, според ЗЗЛП, согласност треба да се даде за секој вид на колачиња и за секоја функција на колачињата одделно, т.е. согласноста не може да се комбинира за сите колачиња кои собираат податоци за различни цели на обработка на лични податоци.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Примери за условена согласност за обработка на лични податоци преку колачиња се скокачки прозорчиња или банери со известување за корисникот со следната формулација: „Оваа веб-страница користи колачиња. Прифаќањето на колачињата овозможува оптимално пребарување на содржините на веб-страницата.“, или банери со известување за корисникот со следната формулација: „Ние користиме колачиња за да го подобриме искуството при користење на нашата веб-страница. Со кликање на кој било линк на оваа страница, вие го прифаќате користењето на колачиња.“, или пак копче со текст „ПРИФАТИ“ или „ОК“ без да му се даде можност на корисникот да ги избере групите на колачиња според нивната цел за кои сака да даде согласност. Ваквите примери не исполнуваат ниту еден од условите кои претставуваат легитимен основ за собирање на лични податоци. Едно такво барање за согласност не му објаснува на корисникот кој е обемот на лични податоци што ќе бидат собрани и за која цел, и не му дозволува самостојно да одлучи дали ќе даде согласност за обработката на конкретниот обем на податоци, и истото користи комбинирана и условена согласност за сите видови на колачиња.

Пример 1:

**Оваа веб-страница користи колачиња. Прифаќањето на колачињата овозможува оптимално прегледување на содржините на веб-страницата.**

**ОК**

**Ние користиме колачиња за да го подобриме искуството при користење на нашата веб-страница. Со кликање на некој линк на оваа страница вие го прифаќате користењето на колачиња.**

**Прифати**

Друг пример на барање за согласност кој не е во согласност со ЗЗЛП се скокачки прозорчиња или банери со известување формулирано на сличен начин како она од претходниот пример: „Оваа веб-страница користи колачиња за да обезбеди подобро корисничко искуство и вие можете да ги нагодите поставките за колачиња на вашиот интернет-пребарувач.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Повеќе информации за колачињата, како ги користиме и како да ги исклучите може да прочитате овде.“ или “Ние користиме колачиња за различни цели, на пример, за функционалноста на веб-страницата, за подобрување на корисничкото искуство, за обезбедување брз пристап и интеграција со социјалните мрежи и за прикажување (персонализирани) рекламни содржини. Преку останување на веб-страницата, вие се согласувате на користење на колачињата, но не и на личните податоци. За повеќе информации...“ и копчиња со текст, на пример, „ОК“, „Прифаќам“, „Се согласувам“ или сличен текст. Кликањето на линкови за повеќе информации отвора ново скокачко прозорче или веб-страница со информативна содржина која ги опишува колачињата што ги користи веб-страницата и за која цел, но не дава можност корисникот да ги избере групите на колачиња според нивната цел за кои дава согласност. Корисникот се советува да ги нагоди поставките за колачиња преку неговиот интернет-пребарувач, со упатства за тоа каде може да најде дополнителни инструкции за нагодување на поставките за конкретен вид на колачињата во интернет-пребарувач. Овие примери ја наведуваат целта на собирањето на личните податоци на корисникот, но не му дозволуваат да одлучи дали сака да даде согласност за обработката на конкретниот обем на податоци преку колачиња и користат комбинирана и условена согласност за сите видови на колачиња (со кликање на копчето „ОК“, „Прифаќам“, „Се согласувам“ или сличен текст).

**Пример 2:**

**Оваа веб-страница користи колачиња за да обезбеди подобро корисничко искуство и вие можете да ги нагодите поставките за колачиња на вашиот интернет-пребарувач. Повеќе информации за колачињата, како ги користиме и како да ги исклучите може да прочитате овде.**

**ОК**

**1.Што се колачиња?**

Колачиња се.....

**2.Управување со колачињата**

Поставките за колачиња може да ги контролирате и прилагодите преку нагодување на поставките на интернет-пребарувачот што го користите. Доколку не се согласувате со користењето на колачињата, лесно можете да ги избришете (или оневозможите) на вашиот компјутер или мобилен уред.

**3.Какви колачиња користиме?**

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Трет пример на барање за согласност кој не е сообразен со ЗЗЛП се скокачки прозорчиња или банери со известување за корисникот со следнава содржина: „Оваа веб-страница поставува колачиња, пристапува до општите и нечувствителните податоци од вашиот уред и ги користи за да ги подобри производите на веб-страницата и да ги прилагоди рекламите и другите содржини на веб-страницата. Вие можете да ги прифатите сите или дел од овие постапки. За повеќе информации за колачињата и како интернетот ги користи вашите информации, и за да ги видите опциите што ви стојат на располагање, посетете ја страницата Политика за колачиња." Под резимираното известување се наведени функциите на групите на колачиња со кус опис на нивната цел, како што се:

- „Пазарни истражувања за генерирање увид во публиките.

Може да се користат пазарни истражувања за добивање повеќе информации за публиката што ги посетува веб-страниците/апликациите и ги прегледува рекламите."

- „Мерење на ефективноста на содржините.

Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на содржините кои ги прегледувате или со кои влегувате во интеракција."

- „Мерење на перформансот на рекламите.

Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на рекламите кои ги прегледувате и со кои влегувате во интеракција."

- „Креирање профил за индивидуализирани содржини.

Може да се креира профил за вас и вашите интересите за да се прикажуваат индивидуализирани содржини."

- „Избор на индивидуализирани содржини.

Може да се понуди приказ на индивидуализирани содржини врз основа на профилот креиран за вас."

- „Креирање профил за индивидуализирани реклами.

Може да се креира профил врз основа на вашите интереси за да се прикажуваат индивидуализирани реклами што може да ве интересираат."

- „Избор на индивидуализирани реклами.

Може да се понуди приказ на индивидуализирани реклами врз основа на профилот креиран за вас."

- „Избор на основни реклами.

Рекламите што се прикажуваат се базираат на содржините што ги прегледувате или апликациите што ги користите."

Овој проект е финансиран од Европската Унија

До секоја функција на групата колачиња се прикажуваат две копчиња со текст „Се согласувам“ / „Не се согласувам“ или „Прифаќам“ / „Не прифаќам“, при што копчињата со текст „Се согласувам“ или „Прифаќам“ се претходно селектирани, а на дното од согласноста има копче со текст „Запомни“. Иако дава кусо објаснување за тоа кои податоци на корисникот се собираат и за која цел, ги набројува групите на колачиња според функција и на корисникот му дава можност самостојно да даде согласност за секоја група, ваквата согласност не е усогласена со ЗЗЛП бидејќи има претходно избрани копчиња за согласување. Кај барањата за согласност од корисникот за собирање лични податоци преку колачиња, согласноста не смее да биде претходно избрана зошто корисникот е тој што треба да даде согласност.

До секоја функција на групата колачиња се прикажуваат две копчиња со текст „Се согласувам“ / „Не се согласувам“ или „Прифаќам“ / „Не прифаќам“, при што копчињата со текст „Се согласувам“ или „Прифаќам“ се претходно селектирани, а на дното од согласноста има копче со текст „Запомни“. Иако дава кусо објаснување за тоа кои податоци на корисникот се собираат и за која цел, ги набројува групите на колачиња според функција и на корисникот му дава можност самостојно да даде согласност за секоја група, ваквата согласност не е усогласена со ЗЗЛП бидејќи има претходно избрани копчиња за согласување. Кај барањата за согласност од корисникот за собирање лични податоци преку колачиња, согласноста не смее да биде претходно избрана зошто корисникот е тој што треба да даде согласност.

**Пазарни истражувања за генерирање увид во публиките** Отфрли Прифати
Може да се користат пазарни истражувања за добивање повеќе информации за публиката што ги посетува веб-страниците/апликациите и ги прегледува рекламите.

**Мерење на ефективноста на содржините** Отфрли Прифати
Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на содржините кои ги прегледувате и со кои имате интеракција.

**Мерење на перформансот на рекламите** Отфрли Прифати
Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на рекламите кои ги прегледувате и со кои имате интеракција.

**Креирање профил за индивидуализирани содржини** Отфрли Прифати
Може да се креира профил за вас и за вашите интереси за да се прикажуваат индивидуализирани содржини.

**Избор на индивидуализирани содржини** Отфрли Прифати
Може да се понуди приказ на индивидуализирани содржини врз основа на профилот креиран за вас.

**Избор на индивидуализирани реклами** Отфрли Прифати
Може да се понуди приказ на индивидуализирани реклами врз основа на профилот креиран за вас.

**Избор на основни реклами** Отфрли Прифати
Рекламите што се прикажуваат се базираат на содржините што ги прегледувате или апликациите што ги користите.

OK

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Претходниот пример би бил усогласен со ЗЗЛП кога ниту една од опциите за прифаќање/одбивање на група колачиња според функција нема да биде претходно избрана или кога за секоја група на колачиња според функција постои претходно избрана опција за неприфаќање/одбивање. На тој начин се обезбедува ситуација каде корисникот мора да ја избере/кликне/означи/вклучи опцијата за прифаќање на конкретната група на колачиња според функција и со тоа постои недвосмислено изразена согласност за обработка на лични податоци преку овие колачиња.

## Примери на барање за согласност кои се усогласени со ЗЗЛП:

Оваа веб-страница поставува колачиња, пристапува до општите и нечувствителните податоци од вашиот уред и ги користи за да ги подобри производите на веб-страницата и да ги индивидуализира рекламите и други содржини на веб-страницата. Може да ги прифатите сите или дел од овие постапки. За повеќе информации за колачињата, како интернетот ги користи вашите информации и за преглед на опциите што ви се на располагање, посетете ја Политиката за колачиња.

| | | |
|---|---|---|
| **Пазарни истражувања за генерирање увид во публиките**<br>Може да се користат пазарни истражувања за добивање повеќе информации за публиката што ги посетува веб-страниците/апликациите и ги прегледува рекламите. | Отфрли | Прифати |
| **Мерење на ефективноста на содржините**<br>Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на содржините кои ги прегледувате и со кои имате интеракција. | Отфрли | Прифати |
| **Мерење на перформансот на рекламите**<br>Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на рекламите кои ги прегледувате и со кои имате интеракција. | Отфрли | Прифати |
| **Креирање профил за индивидуализирани содржини**<br>Може да се креира профил за вас и за вашите интереси за да се прикажуваат индивидуализирани содржини. | Отфрли | Прифати |
| **Избор на индивидуализирани содржини**<br>Може да се понуди приказ на индивидуализирани содржини врз основа на профилот креиран за вас. | Отфрли | Прифати |
| **Избор на индивидуализирани реклами**<br>Може да се понуди приказ на индивидуализирани реклами врз основа на профилот креиран за вас. | Отфрли | Прифати |
| **Избор на основни реклами**<br>Рекламите што се прикажуваат се базираат на содржините што ги прегледувате или апликациите што ги користите. | Отфрли | Прифати |

**OK**

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа веб-страница поставува колачиња, пристапува до општите и нечувствителните податоци од вашиот уред и ги користи за да ги подобри производите на веб-страницата и да ги индивидуализира рекламите и други содржини на веб-страницата. Може да ги прифатите сите или дел од овие постапки. За повеќе информации за колачињата, како интернетот ги користи вашите информации и за преглед на опциите што ви се на располагање, посетете ја Политиката за колачиња.

| | | |
|---|---|---|
| **Пазарни истражувања за генерирање увид во публиките**<br>Може да се користат пазарни истражувања за добивање повеќе информации за публиката што ги посетува веб-страниците/апликациите и ги прегледува рекламите. | Отфрли | Прифати |
| **Мерење на ефективноста на содржините**<br>Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на содржините кои ги прегледувате и со кои имате интеракција. | Отфрли | Прифати |
| **Мерење на перформансот на рекламите**<br>Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на рекламите кои ги прегледувате и со кои имате интеракција. | Отфрли | Прифати |
| **Креирање профил за индивидуализирани содржини**<br>Може да се креира профил за вас и за вашите интереси за да се прикажуваат индивидуализирани содржини. | Отфрли | Прифати |
| **Избор на индивидуализирани содржини**<br>Може да се понуди приказ на индивидуализирани содржини врз основа на профилот креиран за вас. | Отфрли | Прифати |
| **Избор на индивидуализирани реклами**<br>Може да се понуди приказ на индивидуализирани реклами врз основа на профилот креиран за вас. | Отфрли | Прифати |
| **Избор на основни реклами**<br>Рекламите што се прикажуваат се базираат на содржините што ги прегледувате или апликациите што ги користите. | Отфрли | Прифати |

**Отфрли ги сите** **Прифати ги сите** **OK**

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа веб-страница поставува колачиња, пристапува до општите и нечувствителните податоци од вашиот уред и ги користи за да ги подобри производите на веб-страницата и да ги индивидуализира рекламите и други содржини на веб-страницата. Може да ги прифатите сите или дел од овие постапки. За повеќе информации за колачињата, како интернетот ги користи вашите информации и за преглед на опциите што ви се на располагање, посетете ја Политиката за колачиња.

**Пазарни истражувања за генерирање увид во публиките**
Може да се користат пазарни истражувања за добивање повеќе информации за публиката што ги посетува веб-страниците/апликациите и ги прегледува рекламите. — Исклучи

**Мерење на ефективноста на содржините**
Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на содржините кои ги прегледувате и со кои имате интеракција. — Исклучи

**Мерење на перформансот на рекламите**
Може да се мерат ефективноста и ефикасноста на рекламите кои ги прегледувате и со кои имате интеракција. — Исклучи

**Креирање профил за индивидуализирани содржини**
Може да се креира профил за вас и за вашите интереси за да се прикажуваат индивидуализирани содржини. — Исклучи

**Избор на индивидуализирани содржини**
Може да се понуди приказ на индивидуализирани содржини врз основа на профилот креиран за вас. — Исклучи

**Избор на индивидуализирани реклами**
Може да се понуди приказ на индивидуализирани реклами врз основа на профилот креиран за вас. — Исклучи

**Избор на основни реклами**
Рекламите што се прикажуваат се базираат на содржините што ги прегледувате или апликациите што ги користите. — Исклучи

**Прифати ги сите** | **OK**

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**НАШАТА ПРИВАТНОСТ**

Сите веб-страници чуваат колачиња со информации за вашата посета. Овие информации може да се однесуваа на вас, вашите преференции или вашиот уред и обично се користат за да се подобри функционирањето на веб-страницата. Информациите не ве идентификуваат директно, но може да ви овозможат индивидуализирано искуство на интернетот. Колачињата може да чуваат информации за вашите кориснички навики, но тие не смеат да ги читаат вашите лични податоци или информациите на вашиот цврст диск. Бидејќи го почитуваме вашето право на приватност, вие можете да изберете да не прифатите одредени видови на колачиња. Разгледајте ги категориите на колачиња за подобро да ги разберете нивните функции и да одлучите дали сакате да ги смените основните поставки. Сепак, имајте на ум дека блокирањето на некои категории на колачиња може да влијае на вашето искуство при посета на веб-страницата, како и услугите што ги нудиме. За повеќе информации, прочитајте ја Политиката за приватност.

**Неопходни колачиња** **Секогаш активни**

Овие колачиња се неопходни за соодветно функционирање на основите функции на веб-страницата, како што се: навигација, онлајн купување, изготвување фактури, статистички податоци за сообраќајот на веб-страницата, оптимизација на содржините, итн. Обично, ти се поставуваат како реакција на одредени интеракции што корисниците ги имаат со веб-страницата, како што се: поставки за колачиња, најавување или пополнување електронски обрасци. Овие колчиња не содржат лични информации и не може да бидат исклучени во поставките. Постојат неколку опции за колачиња кои корисниците може да ги нагодат во нивниот пребарувач, но некои делови од веб-страницата може нема соодветно да функционираат.

**Аналитички колачиња**

Овие колачиња ни овозможуваат да ги преброиме посетите и изворот на сообраќај за целите на мерење и подобрување на перформансот на веб-страницата. Тие ни помагаат да анализираме кои страниците се најпосетени и да видиме како посетителите навигираат низ веб-страницата. Сите информации што ги собираат овие колачиња се агрегирани и анонимни.

**Функционални колачиња**

Овие колачиња обезбедуваат подобро функционирање и персонализација на содржините на веб-страницата. Тие може да бидат поставени од <назив на контролорот> или од трети страни чиишто услуги се овозможени на веб-страницата. Ако не се согласувате со користењето на овие колачиња, некои делови од веб-страницата нема да функционираат соодветно.

**Маркетиншки колачиња**

Овие колачиња може да бидат поставени преку веб-страницата на <назив на контролорот> од страна на надворешните партнери. Партнерите може да користат колачиња за прикажување релевантни реклами на други веб-страници. Тие директно не ги чуваат вашите лични податоци, но имаат за цел да го идентификуваат пребарувачот и/или интернет уредот на корисникот. За повеќе информации, прочитајте ја Политиката за приватност на веб-страницата на надворешните соработници и партнери.

**Потврди ги избраните** **Потврди ги сите**

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Веб-страниците и нивните индивидуални делови се предмет на промени. Ваквите промени може да бидат резултат на користење нови групи на колачиња со нова функција или отстранување на постоечки колачиња. Секогаш кога се воведува нова група на колачиња со нова функција, контролорот мора да побара корисникот да се согласи или да ја одбие обработката на лични податоци преку овие колачиња.

Како што веќе беше наведено, колачињата може да имаат повеќе истовремени функции и да се користат за повеќе цели. На пример, некои колачиња може да собираат информации за посетите/прегледите на содржините на една веб-страница за креирање слика за корисникот со цел да се прикажуваат персонализирани написи или реклами, како и информации за бројот на посетите/прегледите на конкретна содржина за мерење на ефективноста и ефикасноста на таа содржина.

Мултифункционалноста на колачињата не може да биде во согласност со одредбите од ЗЗЛП кои се однесуваат на обработка на лични податоци врз основа на согласност бидејќи не може да се користи една согласност за сите цели на колачето, туку согласност треба да се добие за секоја цел одделно. Затоа, собирањето и обработката на лични податоци преку колачиња мора да користи различни колачиња за секоја посебна цел или група на колачиња за секоја посебна цел за да може да се побара и да се добие согласност од корисникот за секоја од нив.

ЗЗЛП пропишува дека доколку податоците се обработуваат врз основа на согласност контролорите треба да му овозможат на корисникот да ја повлече согласноста во секое време, и тоа на исто едноставен начин како и давањето согласност. Оттука, секоја веб-страницашто обработува лични податоци преку колачиња и добил согласност од корисникот мора да му овозможи да ја повлече согласноста на ист (едноставен) начин. Опцијата за повлекување на согласноста мора да биде јасно наведена и лесно достапна.

Иако не е законски пропишано, добра практика е да постои периодично обновување на барањето за согласност за обработка на лични податоци преку колачиња за сите групи на колачиња според нивната функција или цел.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# 5.ИЗЈАВА ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ КОЛАЧИЊА

Без оглед на начинот на кој се обработуваат лични податоци, ЗЗЛП ги обврзува контролорите да го информираат лицето од кое директно ги собираат и обработуваат личните податоци за:

- идентитетот и контакт деталите на контролорот;
- контакт деталите на офицерот за заштита на личните податоци;
- целите на обработката за која се наменети личните податоци, како и правниот основ за обработката;
- кога обработката се заснова на легитимен интерес на контролорот или на трета страна;
- корисниците или категориите на корисници на личните податоци;
- дали личните податоци се пренесуваат во трета земја;
- кој е рокот за чување на личните податоци;
- правата на субјектот на лични податоци за пристап до личните податоци, исправка, бришење или ограничување на обработката;
- правото на субјектот на лични податоци за повлекување на согласноста доколку обработката се заснова на согласност;
- правото на субјектот на лични податоци да поднесе приговор до АЗЛП;
- дали давањето на личните податоци е законска обврска, услов за извршување на договор или услов за склучување договор, како и тоа дали субјектот на лични податоци е обврзан да ги даде неговите/нејзините лични податоци;
- дали податоците кои се собрани се користат за автоматско донесување одлуки, вклучително и профилирање.

Оваа одредба од ЗЗЛП се применува и во однос на собирање и обработка на лични податоци преку колачиња, без оглед дали колачињата налагаат давање согласност од корисникот.

Оттука, горенаведените информации мора да им се дадат на посетителите на веб-страницата на видливо и лесно достапно место.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Обично, овие информации се наведени на страниците означени како „Политика за приватност“ или „Заштита на личните податоци“, каде генералниот дел содржи информации за контролорот, офицерот за заштита на лични податоци, правата на корисниците да побараат пристап до личните податоци, исправка, бришење или ограничување на обработката, а во посебен дел од документот се наведуваат информациите за видовите на колачиња, какви податоци се собираат преку колачињата, за која цел, кој е рокот за чување на колачињата, кои се корисниците на одредени видови на колачиња, дали собраните податоци се користат за автоматско донесување одлуки, правото на корисниците да ја повлечат дадената согласност за обработка на лични податоци преку колачиња...

Друга опција што се користи за обезбедување на потребните информации на корисниците е општите информации за контролорот, офицерот за заштита на личните податоци, правата на корисниците да побараат пристап до личните податоци, исправка, бришење или ограничување на обработката, како и општите податоци за обработка на лични податоци преку колачиња да бидат дел страници насловени како „Политика за приватност“ или „Заштита на личните податоци“, и да се користи посебна страница со наслов „Политика за колачиња“ или слично, каде се дадени подетални информации за колачињата. Бидејќи овие информации треба да бидат дадени на видливо и достапно место, вообичаена практика е да постојат линкови до информациите (Политика за приватност и Политика за колачиња) на сите други страници од веб-страницата, обично сместени во заглавието или подножјето на страницата.

Важно е да се запомни дека овие информации треба да ја опишат реалната ситуација на веб-страницата,, т.е. реалните видови и категории на колачиња, кои лични податоци навистина се собираат преку овие колачиња, која е реалната цел на колачињата и рокот за чување, и дали податоците се пренесуваат во трети земји или меѓународни организации. Оттука, ако лицето кое ја води веб-страницата не е доволно обучено и не е во можност да ги анализира колачињата на веб-страницата, тоа треба да го направи во соработка со дизајнерите на сајтот и да ја опише реалната ситуација во врска со колачињата, наместо да го копира текстот од друга веб-страница само за да ја задоволи формата.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Информациите за колачиња се од суштинско значење и мора да бидат редовно ажурирани. Од таа причина, при секоја надградба или промена на функционирањето на веб-страницата или некој дел од него која резултира со промена поврзана со колачињата, тоа треба да биде соодветно одразено во информациите за нив.

**Пример:**

**ПОЛИТИКА ЗА КОРИСТЕЊЕ КОЛАЧИЊА**

Нашата веб-страница користи колачиња, преку кои <**назив на контролорот**>-Скопје собира податоци за подобро разбирање на користењето на веб-страницата од страна на посетителите, со цел да се подобри корисничкото искуство, и да се оптимизира и подобри функционалноста на веб-страницата. Колачињата се мали текстуални датотеки кои се чуваат на вашиот компјутер или мобилен уред секогаш кога ја посетувате нашата веб-страница.

Колачињата ни овозможуваат да го препознаеме вашиот пребарувач следниот пат кога ќе ја посетите веб-страницата. Тие може да ги чуваат вашите преференции и други технички информации, но не смеат да ги читаат податоците и информациите од вашиот хард-диск или мобилен телефон или да ги читаат другите зачувани колачиња (датотеки) од други веб-страници.

Информациите од колачињата не се користат за ваша лична идентификација. Прифаќањето на овие колачиња не е неопходно за функционирање на веб-страницата, но тие ќе ви овозможат подобро пребарувачко искуство. Ако сакате, можете да ги избришете или блокирате ваквите колачиња, но кога ќе го сторите тоа, некои од функциите на веб-страницата можеби нема соодветно да работат.

**Колачињата на веб-страницата ги користиме поради следниве причини:**

- за техничко функционирање на веб-страницата;
- за собирање агрегирани и анонимизирани статистички податоци.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Како потсетување, дали се согласувате (или не се согласувате) со користењето колачиња на оваа веб-страница?
Колачињата може да бидат поставени од <**име на контролорот** > или од овластена трета страна чиишто услуги се обезбедуваат на веб-страницата.

<**Назив на контролорот**> користи неколку видови на колачиња за функционирање на веб-страницата:

**Неопходни колачиња**
Овие колачиња се неопходни за соодветно работење на основните функции на веб-страницата како што се навигација, онлајн купување, издавање сметки, оптимизација на содржините, итн. Тие обично се поставуваат како реакција на вашите интеракции со веб-страницата, на пример, поставки за колачиња, најавување или пополнување на електронски обрасци. Овие колачиња не содржат никакви лични информации и не можат да бидат исклучени од менито за поставки.
Постојат неколку опции за индивидуализирање на вашиот пребарувач преку кои можете да ги блокирате или да добивате известувања за овие колачиња, при што некои делови од веб-страницата нема соодветно на работат.

**Аналитички колачиња**
Овие колачиња ни помагаат да го броиме посетите и изворот на сообраќај на веб-страницата, за да го измериме и подобриме неговиот перформанс. Тие ни помагаат да анализираме кои страници се најпосетени и да ја видиме навигацијата на посетителите низ страниците. Сите информации што ги собираат овие колачиња се анонимни.

**Функционални колачиња**
Овие колачиња обезбедуваат подобра функционалност и индивидуализација на содржините на веб-страницата што ги поставува <име на контролорот > или некоја трета страна чиишто услуги се обезбедуваат на веб-страницата. На тој начин, вие добивате колачиња од услугите на третата страна, при што <име на контролорот > не може да го контролира чувањето или пристапот до овие колачиња.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Ако не се согласувате на користењето вакви колачиња, некои делови од веб-страницата нема соодветно да работат.

**Колачиња за маркетинг**

Маркетиншки колачиња се користат за целите на прикажување рекламни содржини и мерење на ефективноста на нашите реклами кампањи. Тоа не се прави само на веб-страницатана <**назив на контролорот**>, туку и на страниците на другите рекламни партнери (трети страни). Овие колачиња директно не ги чуваат вашите лични податоци, туку имаат за цел да го идентификуваат вашиот пребарувач и/или интернет уред. Маркетиншките и алатките за повторно таргетирање ни помагаат да ви обезбедиме рекламни содржини кои се потенцијално релевантни за вас.

Колачиња кои ги користи <**назив на контролорот**> на оваа веб-страница

Неопходни колачиња поставени од <назив на контролорот>

| Назив на колачето | Кој го поставува | Опис и цел | Период на траење |
|---|---|---|---|
| cookielawinfo-checkbox-functional | azlp.mk | Се користи за да одреди дали корисникот го прифатил полето за согласност за колачиња. | 365 дена |
| PHPSESSID | azlp.mk | Ја зачувува состојбата на корисничката сесија при испраќање на барање за страницата | За време на сесијата |

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изработена како дел од твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“, финансиран од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на проектните партнери, и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Побарајте повеќе информации на www.azlp.mk

SCAN ME

Овој проект е финансиран од Европската Унија